Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.бр.3/24
09.01.2024 година
Гевгелија

Врз основа на член 42,член 43 и член 49 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр.96/19, член 53 став 1 од Законот за судскиот совет на РСМ (Службен весник на РСМ бр.102/19), Основниот суд Гевгелија, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС број 1/2024**
**за избор на судии - поротници**

Кандидатите за избор на судија - поротник потребно е да ги исполнуваат условите предвидени во член 42 став 2 и 3 од Законот за судовите и тоа:

**За судија - поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Северна Македонија со :**

**- завршено најмалку средно образование,**
**- кој активно го владее македонскиот јазик,**
**- ужива углед во вршење на оваа функција и**
**- кој не е постар од 60 години**

**за судија - поротник за судење на малолетни лица, кандидатите треба да имаат искуство во воспитанието и образованието на млади.**

Заинтересираните кандидати со пријавата потребно е да ги достават следните документи во оригинал или во фотокопија заверени на нотар:

- уверение за завршено најмалку средно образование,
- уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
- потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
- нотарски заверена изјава дека со судија или судија поротник во Основниот суд Гевгелија или член на Судскиот совет на Република Северна Македонија не е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.

**Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.**

Заинтересираните кандидати пријавата-молбата со назнака за Јавен оглас број 1/2024 за избор на судии - поротници во прилог со потребните документи и контакт телефон можат да ги достават во писмена форма преку приемната писарница на судот или по пошта на адреса:

**ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**
**Ул.Димитар Влахов бр.2**
**Гевгелија**